**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-1263/4
Датум: 19.8.2024 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 75, став 1, точка 13 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019 и 640/2023), и член 5 и член 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), Деканатската управа на Факултетот, на седницата одржана на 19.8.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

## за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје

1. Со оваа Одлука се прецизираат износите од член 5, и се утврдуваат дополнителни надоместоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот) од член 8 во Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

| БР. | УСЛУГА | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1 | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите (член 5, точка 4 од Анексот) | 200,00 ден. |
| 2 | Издавање потврда за статус на студент (член 5, точка 14 од Анексот) | 100,00 ден. |
| 3 | Издавање потврди по разни основи (член 5, точка 15 од Анексот) | 500,00 ден. |
| 4 | Издавање потврди по разни основи на англиски јазик (член 5, точка 15 од Анексот) | 1.000,00 ден. |
| 5 | Набавка на материјални ресурси за реализација на студиските програми (годишно) | 1.700,00 ден. |

2. На студентите запишани на прв и втор циклус на студии на Факултетот им се наплаќаат надоместоци за услуги и трошоци согласно Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и согласно оваа Одлука.

3. Со влегување во сила на оваа Одлука и со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), престанува да важи Одлуката за висината на надоместоците за извршените услуги што ги плаќаат студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии бр. 02-2136/1 од 17.10.2016 година.

4. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник и ќе започне да се применува од учебната 2024/2025 година.

Декан

Проф. д-р Владимир Атанасовски